**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

# З А П И С Н И К

од четвртата седница на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, одржана на 23.12.2022 г., во Салата за одржување седници на Општина Гевгелија, со почеток во 16:00 часот. Присутни: Кристијан Алчинов, Памела Петровска, Атанас Епов и Георги Петков.

Седницата ја отвори и со неа заседаваше Кристијан Алчинов, претседателот на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија. По констатирањето дека се присутни мнозинство членови и има кворум за работа, претседавачот го прочита Предлог-Дневниот ред за работа на седницата:

1. Избор на записничар;
2. Усвојување на записник од третата седница на Локален младински совет на Општина Гевгелија;
3. Подготовка на Извештај за работа на Локален младински совет на Општина Гевгелија во 2022 г.;
4. Разно.

Претседавачот отвори расправа по дневниот ред. Бидејќи немаше забелешки по истиот, го стави на гласање. Со 4 гласа за дневниот ред беше едногласно усвоен. По што се премина на работа по првата точка.

За записничар на оваа седница, од страна на Кристијан Алчинов беше предложена Памела Петровска. Бидејќи немаше други предлози, претседавачот го стави предлогот на јавно гласање и со 3 гласа за беше усвоен предлогот.

По изборот на записничар, беше отворена расправа по втората точка. Бидејќи никој не се јави за дискусија и со никакви забелешки, записникот од третата одржана седница на ЛМС беше ставен на гласање и со 4 гласа за усвоен.

По што се премина кон работа за третата точка. Претседателот отвори расправа. Едногласно беше донесен заклучок службеникот за млади да го подготви Извештајот за работата на ЛМС на ОГ во 2022 година и по подготовката истиот да им го достави на увид. По одобрувањето на Извештајот, согласно законските одредби, службеникот за млади да го достави до Советот на Општина Гевгелија на усвојување, а по усвојувањето од страна на Советот на Општина Гевгелија, да се достави и до Агенцијата за млади и спорт.

Откако беше исцрпена дискусијата по 3 точка, претседателот отвори расправа по однос на 4 точка. Беа изнесени впечатоците од присуството на конференцијата „Зазеленување на младинските политики“ во организација на Здружението на млади правници. Бидејќи немаше други дискусии, претседателот на ЛМС ја затвори четвртата седница.

Претседател
на Локален младински совет
. на ОГ,

**Кристијан Алчинов**
с.р.

бр. 08-1174/1/2
11.07.2023 г
Гевгелија

Записничар,
**Памела Петровска**
с.р.

Членови на ЛМС на ОГ,

1. **Кристијан Алчинов с.р.**
2. **Тијана Ристовска с.р.**
3. **Атанас Епов с.р.**
4. **Памела Петровска с.р.**
5. **Георги Петков с.р.**